МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИСПИТУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за испитување и утврдување на квалитетот на репродуктивен материјал.

## Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на бела хартија во А4 формат и содржи: назив на овластена институција, назив на правно лице, адреса и седиште, општина , ЕДБС, карактеристики на основниот материјал - дрвен вид (латинско и народно име), тип на основен материјал од кој е добиен репродуктивниот материјал, потекло (автохтоно, неавтохтоно, непознато), категорија на репродуктивниот материјал, регистарски број на призната единица од Регистарот на признат основен материјал или идентификациски код од Регистарот на провениенциското подрачје за идентификуван и селектиран репродуктивен материјал ( а) регистарски број, б) идентификациски код), локација, односно географска положба на основниот материјал, надморска височина и/или климатско-вегетациско-почвено подрачје, карактеристики на семето и/или деловите од растението - број на уверение за потекло на репродуктивниот материјал, вид на репродуктивниот материјал (семе, делови од растение), намена на репродуктивниот материјал, дата на собирање, односно производство на репродуктивниот материјал, година на зреење, собирање и доработка на семенскиот материјал, количина на партијата на репродуктивниот материјал, дали се работи за генетски изменет организам, да, не, дали репродуктивниот материјал за кој се бара испитување на квалитетот, настанал со мешање на репродуктивниот материјал за кој било издадено уверение за квалитет, да, не, а) број на претходните уверенија за квалитет, б) количина на репродуктивен материјал во првобитните партии, в) идентификација на компонентите за мешаниот репродуктивен материјал, потпис на барателот и место за печат.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09 - 12549/1
1 октомври 2008 година
Скопје

Министер,
Ацо Спасеноски, с.р.

**ПРИЛОГ**

**До**
Овластена институција
_______________________

**БАРАЊЕ**
**ЗА ИСПИТУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ**
**НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**

Назив на правно лице: _______________________________________________
Адреса и седиште: _______________________________________________
Општина: _______________________________________________
ЕДБС : _______________________________________________

**Барам да се испита квалитет на семе и/или делови од растение чии карактеристики се дадени подолу:**

**I. Карактеристики на основниот материјал**

1. Дрвен вид (латинско и народно име): _______________________________________________

2. Тип на основен материјал од кој

е добиен репродуктивниот материјал: _______________________________________________

3. Потекло (автохтоно, неавтохтоно или непознато): _______________________________________________

4. Категорија на репродуктивниот материјал: _______________________________________________

5.Регистерски број на признатата единица од Регистерот на признат основен материјал или идентификациskiот код од Регистарот на провениенцискоto подрачје за идентификуван и селектиран репродуктивен материјал:

а) регистарски број: __________________ б) идентификациски код: __________________

6. Локација, односно географска положба на основниот материјал: _______________________________________________

7. Надморска височина и/или климатско-вегетациско-почвено подрачје: _______________________________________________

**II. Карактеристики на семето и/или деловите од растението**

1. Број на уверение за потекло на репродуктивниот материјал: _______________________________________________

2. Вид на репродуктивниот материјал (семе, делови од растение): _______________________________________________

3. Намена на репродуктивниот материјал: _______________________________________________

4. Дата на собирање, односно производство на репродуктивниот материјал: _______________________________________________

5. Година на зреење: _________, собирање: __________ и доработка: __________на семенскиот материјал;

6. Количина на партијата на репродуктивниот материјал: _______________________________________________

7. Дали се работи за генетички изменет организам: ДА --- НЕ

8. Дали репродуктивниот материјал за кој се бара испитување на квалитетот, настанал со мешање на репродуктивниот материјал за кој било издадено уверение за квалитет? __ДА -- НЕ__

а) Број на претходните уверенија за квалитет: _______________________________________________
б) Количина на репродуктивниот материјал во првобитните партии: _______________________________________________
в) Идентификација на компонентите за мешаниот репродуктивниот материјал: _______________

(м.п.) Барател

_______________________